**20251893895**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 39/22 и 130/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 септември 2025 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА (*)

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на определени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21, 53/21, 135/21, 197/21, 292/21, 78/22, 188/22, 218/22, 25/23, 74/23, 166/23, 202/23, 275/23, 91/24, 258/24 и 62/25), во член 1 во ставот (2) по бројот „509“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 510, се додаваат четири нови Прилози 511, 512, 513 и 514, кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Прилогот 213 се брише.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7380/7
2 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

(*) Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр.

32024R2617, CELEX бр. 32024R2621, CELEX бр. 32024R3020, CELEX бр. 32024R3126 и CELEX бр. 32024R3133.

**Прилог 511**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 2617/2024** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Таканаречен проектор со тјунер (приемник) во исто кукиште со димензии приближно 53 × 13 × 34 cm, кој се состои од проектор со ласерска технологија за дигитална обработка на светлина (DLP) и вграден телевизиски приемник. Производот ги има следните главни карактеристики и интерфејси:<br>—безжично поврзување преку Bluetooth и Wi-Fi;<br>—паметен телевизор и вградени интелигентни асистенти (на пример, Google Assistant, Bixby, Alexa);<br>—компатибилност со Интернет работи (IoT);<br>—дигитални и аналогни ТВ приемници, —4К резолуција (3840 × 2160 пиксели);<br>—вградени звучници со ефект на просторен звук со 2,2 канали;<br>—3 HDMI порти;<br>—USB порта;<br>—дигитален аудио излез;<br>—Ethernet (LAN) RJ-45 порта;<br>—антена.<br>Производот може да прима телевизиски сигнали преку вградениот телевизиски приемник и видео сигнали преку компјутер или паметен телефон. Потоа, тие сигнали може да ги репродуцира како проекции на слики.<br>Дизајниран е да прикажува видеозаписи и фотографии на надворешен екран за проекција (кој не е вграден и не е презентиран со проекторот) или на ѕид.<br>(Види фотографии) (*)<br> | **8528 72 10** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванијата на тарифен број 8528, 8528 72 и 8528 72 10.<br>Проекторот вклучува телевизиски приемник затоа се смета дека е апарат за прием на телевизија. (Види, Коментарски забелешки за хармонизираниот систем (HSEN) за број 8528, трет став).<br>Иако проекторот не вклучува монитор или екран, тој се смета за уред за прикажување на видео запис, бидејќи содржи технологија за прикажување DLP која му овозможува на уредот директно да прикажува видео запис или фотографии со нивно проектирање на надворешен екран за проекција или на ѕид. Оттука, распоредувањето во тарифен број 8528 71 е исклучено. (Види исто така Коментарски забелешки за Хармонизиран систем (HSEN) за тарифен број 8528, точка (Г)).<br>Поради неговите објективни карактеристики, производот се смета како опрема за проекција која вклучува приемен апарат за телевизија. (Види исто така Коментарски забелешки за Комбинираната номенклатура на подброј 8528 72 10).<br>Проекторот со тјунер оттука ќе се распореди во тарифен подброј 8528 72 10, како телевизиска опрема за проектирање. |
| (*) Фотографиите се само од информативен карактер | | |

**Прилог 512**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 2621/2024 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Машина, т.н. робот за тактички одговор кој се состои од следново:<br>- шасија поставена на гасеници со димензии од приближно 1 500 × 1 200 × 1 300 mm, со два електрични погонски мотори од 7,5 kW, со влечна сила до 4 тони (напојувана од литиум-јонска батерија);<br>- систем од камери со четири статички насочени камери, што пренесуваат слики во живо до корисникот;<br>- шест LED рефлектори позиционирани во насока на движење, како и LED амбиентално осветлување;<br>- апарат за гаснење на пожар со вода или пена, со капацитет до 2 000 l/min на 10 бари, целосно компатибилен за поврзување со црево од противпожарно возило;<br>- макари со телескопска поддршка за стабилност при ракување со тешки товари.<br>Производот се управува далечински со управувач со домет до 150 m и/или од системско транспортно возило преку интранет со домет до 2500 m (пренос по пат на WLAN).<br>Производот на барање може да се произведе во различни конфигурации во зависност од дополнителната опрема поставена на шасијата.<br>Дополнителната опрема може да вклучува подвижни камери за конвенционално и термичко снимање, дополнителни LED рефлектори, Раманов спектрометар за откривање на опасни материи, далечински управувана манипулативна рака за извршување на прецизни задачи (на пр. земање примероци), спој на приколка итн.<br>Производот, дизајниран за употреба во операции за гаснење на пожари и спасување, му овозможува на пожарникарскиот персонал да остане надвор од опасната зона (услови за истражување на опасен материјал, опасност од рушење или развој на голема топлина), додека истовремено учествува во операциите и далечински ги контролира од безбедно растојание. | **8424 89 70** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI и наименуванијата на тарифен број 8424 и тарифен подброеви 8424 89 и 8424 89 70.<br>Иако производот има голема влечна сила, распоредувањето во тарифен број 8701 е исклучено, затоа што возилото не е примарно конструирано за влечење или туркање на друго возило, уред или товар. (Види исто така Забелешка 2 од Глава 87).<br>Распоредување во тарифен број 8705 е исто така исклучено, затоа што производот нема карактеристики на возило од тарифен број 8705, не претставува тоа што е потполна шасија на моторно возило или камион. Ги нема барем следните механички карактеристики: погонски мотор, менувач и управувачка контрола за менување брзини, како и уреди за управување и сопирање. (Види исто така објаснување за хармонизираниот систем за тарифен број 8705.)<br>Производот е сложена машина согласно Забелешка 3 од Оддел XVI и треба да се распореди како да е сочинет само од онаа компонента што ја изведува главната функција на машината.<br>Поради објективните карактеристики на уредот за распрскување, главно волуменот, притисокот и растојанието на кое ја распрскува водата или пената, функцијата на распрскување се смета за главна функција на машината. Производот, оттука, треба да се распореди според уредот за распрскување.<br>Системот на камери и LED рефлекторите служат за далечинско управување и водење на машината, додека употребата на макарата за пренос на товар се изведува само со човечка интервенција со помош на кабел и, опционално, преку спојката на приколката.<br>Функциите за идентификација на потенцијални опасни зони, откривање на опасни материи и извршување на прецизни задачи се комплементарни и подредени во однос на функцијата за распрскување на вода или пена бидејќи се вршат со дополнителната опрема.<br>Оттука, производот се распоредува во тарифен подброј 8424 89 70, како други уреди за распрскување на течности. |

**Прилог 513**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 3020/2024** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Таканаречени врвови за пипети, изработени од проѕирна полипропиленска пластика, со цилиндрично тело со конусен врв, со различни дијаметри и должини.<br>Врвовите на пипетите се заменливи компоненти за еднократна употреба кои можат да се вградат во апарати за пипетирање и во автоматски системи за дозирање (роботи за дозирање).<br>Овие производи се дизајнирани да се употребуваат за различни специфични дијагностички и истражувачки апликации за точно и доследено пренесување на мали, прецизни количини на течности.<br><br>(Види фотографија) (*)<br> | **3926 90 97** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, наименуванијата на тарифен број 3926, и тарифен подброј 3926 90 97.<br>Иако врвовите за пипети се погодни за употреба исклучиво или главно со уредите за пипетирање и автоматските системи за дозирање од тарифен број 8479 и битни се за абсорбција и прецизното дозирање на течноста, не може да се сметаат како делови на тие апарати, затоа што се работи за изменливи и компоненти за еднократна употреба.<br>Освен тоа, иако апаратот за пипетирање или автоматизираниот систем за дозирање не може да ја извршува својата функција без врвовите на пипетите, сепак е утврдено дека механичкото и електричното функционирање на тие машини не зависи од врвовите на пипетите.<br>Следствено, распоредувањето во тарифен број 8479, како делови од апаратот за пипетирање е исклучено. (Види исто така пресуда на Судот на правдата на Европската унија од 19 јули 2012 година во случај C-336/11, Rohm & Haas Electronic Materials CMP Europe GmbH and Others, ECLI:EU:C:2012:500, параграфи 35-39.)<br>Поради нивните објективни карактеристики, производите треба да се распоредат според нивниот составен материјал од кој се изработени, во тарифен број 3926, како производи од пластика.<br>Оттука, производите треба да се распоредат во тарифен подброј 3926 90 97, како други производи од пластика. |
| (*) Фотографиите се само од информативен карактер | | |

**Прилог 514**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 3133/2024** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Правоаголен производ, со димензии приближно 185 cm × 132 cm, изработен од дебела, густо ткаена, еднобојна текстилна ткаенина од вештачки влакна (100 % полиестер) во форма на навлака (која е дизајнирана да биде наполнета) за правоаголна голема перница (т.н. вреќа за седење).<br>Производот има широки порабени рабови долж неговите страни. На четирите агли на порабените рабови се прицврстени четири метални окца, а на двата подолги порабени краеви прицврстено е по едно метално окце (на приближно една четвртина од должината мерена од аголот).<br>Производот има отвор за полнење што се затвора со патент затворач.<br>Заедно со производот доаѓаат и два прилагодливи ремени изработени од иста текстилна ткаенина како главниот производ и со прицврстена кука на секој крај. Ремените се дизајнирани да се фиксираат со металните куки со помош на нивните прицврстувачки окца, со цел да се подигне дел од перницата.<br>(Види фотографија) (*)<br> | **6307 90 98** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (ѓ) кон Оддел XI и согласно наименуванијата на тарифен број 6307, и тарифен подброеви 6307 90 и 6307 90 98.<br>После полнењето производот заради своите објективни карактеристики, е сличен на перница. Дизајниран е како голема правоаголна перница, а не како седиште од тарифен број 9401 поради неговата нестабилност (пропаѓа под телесната тежина на корисникот кога ќе седне на неа). Оттука, полнетиот производ ќе биде распореден во тарифен подброј 9404 90 90 како постелнина за кревети и слични производи (на пример, перничиња, и перници) со примена на ОП 1 и 6. Меѓутоа, распоредување како ненаполнет и недовршен производ од тар. број 9404 како постелнина за кревети и слични производи е исклучено, затоа што производот ги нема суштинските карактеристики на комплетниот производ од тарифен број 9404 во смисол на ОП 2(а). Тој сеуште не е наполнет ниту внатрешно опремен со било каков материјал.<br>Со оглед на тоа што производот е навлака за голема перница, распоредување во тарифен број 6302 како постелнина е исклучено затоа што производот ги нема објективните карактеристики и својства на постелнина од тарифен број 6302. Тој не прекрива перница или душек од кревет како постелнината. (Види Регулатива за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2024/966 (OJ L, 2024/966, 27.3.2024, ELI: http://data.europa.eu/eli/reg_impl/2024/966/oj).<br>Имајќи во предвид дека производот не може да се распореди во тар. број што е поконкретен од тарифен број 6307, производот ќе се распореди како друг готов производ од текстилни материјали. |
| (*) Фотографиите се само од информативен карактер | | |